РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-418/3
24-12-2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 57-та седница одржана на ден 17.12.2021 година донесе

**О д л у к а**

Пријавата заведена под број 12-418/1 од 26.01.2021 година доставена од познат подносител, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување поради тоа што ДКСК веќе има постапено по пријава со исти предметни наводи и има донесено одлука од своја надлежност.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 26.01.2021 година, поднесена е пријава заведена под број 12-418/1 од 26.01.2021 година, по која е оформен предмет со наводи во врска со незаконско постапување на јавни обвинители од Основно јавно обвинителство Кичево и Вишо јавно обвинителствоГостивар односно, за постапување без вештачење по предмет во судска постапка за утврдување на право на сопственост. Подносителот на пријавата се повикува на пријава која веќе ја доставил до ДКСК и по која бил заведен предмет 12-2857/1 од 29.05.2019 година, а со доставената пријава бара ДКСК да одлучи зошто обвинителките, не правеле вештавчење по предмети доставени во ОЈО, како и за постапувањето на вишиот јавен обвинител одГостивар, кој неколку пати одлучувал по неговите жалби и не дозволувал вештачење, са со што нему му се правела тешка повреда на правото на еднаквост во постапката.

При разгледувањето на пријавените наводи, ДКСК констатира дека по предметните наводи веќе е постапено по предмет бр. 12-2857/1 од 29.05.2019 година и по истиот, на 39-та седница на ДКСК, донесена е одлука број 12-2642/3 од 22.10.2020 година, со која е одлучено постапката по предметот да се запре поради постапување на друг надлежен орган (Совет на јавни обвинители), а подносителот е известен за надлежното постапување на ДКСК на ден 22.10.2020 година.

Врз основа на констатираното, ДКСК утврди дека нема елементи за надлежно постапување по овој предмет и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Доставено до:
- Подносителот

Изработил: Ј.Ц,
Одобрил : м-р В.Г,, Член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk